Република Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ
ISO 9001:2008
бул. „Кузман Јосифовски - Питу" бр.1, 1000 Скопје
Инфо центар 0800 33 000, info@ujp.gov.mk, www.ujp.gov.mk

**Генерална дирекција Скопје**

**Генерален даночен инспекторат**

Број: **21-7087/1**

Датум: **30.09.2014**

Идентификациски број (шифра): **УЈП-ДИ-У.2-03/1**

Верзија број: **1**

Ефективен датум: **30.09.2014**

Број на страници: **10**

Правен основ: Врз основа на член 11 од Законот за Управата за јавни приходи („Службен весник на РМ", бр.62/05...39/12), директорот на Управата за јавни приходи донесе

# УПАТСТВО
# за навремено исполнување на парични обврски и надзор над деловни трансакции помеѓу економски оператори од приватен сектор

Изработил: Марина Трајковска (Раководител на оддел)
Александар Лочев (Инспектор)
Катерина Марковиќ Јанковска (Даночен советник)
Анета Чупеска (Даночен советник)

Проверил: Славица Кироска (Заменик главен генерален инспектор)
Мухедин Авдиќ (Раководител на сектор)

Одобрил: Весна Новаковиќ (Претставник на раководството за квалитет)

Директор: Горан Трајковски

* *Овој документ е интелектуална сопственост на Управа за јавни приходи. Секое неовластено користење, копирање и дистрибуирање на документот без одобрение на раководството е забрането.*

**СОДРЖИНА**

1. ПРЕДМЕТ ....... 3
2. ЦЕЛ ....... 3
3. ВРСКА СО ДРУГИ ДОКУМЕНТИ ....... 3
4. ДЕФИНИЦИИ ....... 3
5. ОДГОВОРНОСТИ И ОВЛАСТУВАЊА ....... 4
6. РЕГУЛАТИВИ ЗА РЕШАВАЊЕ / НАМАЛУВАЊЕ НА НЕНАВРЕМЕНОТО ИСПОЛНУВАЊЕ НА ОБВРСКИТЕ ....... 4
   6.1. Опфат на Законот за финансиска дисциплина ....... 5
7. РОКОВИ ЗА ИСПОЛНУВАЊЕ НА ПАРИЧНИТЕ ОБВРСКИ ПОМЕЃУ ЕКОНОМСКИТЕ ОПЕРАТОРИ ОД ПРИВАТНИОТ СЕКТОР ....... 5
   7.1. Елементи на фактура ....... 5
   7.2. Утврдување на ден за исполнување на паричните обврски помеѓу економските оператори од приватниот сектор ....... 6
8. ПОДНЕСУВАЊЕ НА ИЗВЕСТУВАЊЕ ДО УЈП ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА НАДЗОР ....... 7
   8.1. Специфични случаи ....... 7
9. НАЧИН И РОКОВИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА НАДЗОР ОД УЈП ....... 9
   9.1. Постапка во случај на неспроведување на надзор и неизвестување на странката ....... 9
10. КАЗНИ ЗА НЕПОЧИТУВАЊЕ НА РОКОВИТЕ ЗА ИСПОЛНУВАЊЕ НА ПАРИЧНИТЕ ОБВРСКИ ПОМЕЃУ ЕКОНОМСКИТЕ ОПЕРАТОРИ ОД ПРИВАТНИОТ СЕКТОР ....... 9
11. ПРИЛОЗИ ....... 10
12. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ ....... 10
   12.1. Информирање ....... 10

* *Овој документ е интелектуална сопственост на Управа за јавни приходи. Секое неовластено користење, копирање и дистрибуирање на документот без одобрение на раководството е забрането.*

## 1. ПРЕДМЕТ

Со оваа Упатство се прецизираат надлежностите на УЈП во спроведување на Законот за финансиска дисциплина, односно начинот и формата на поведување на постапката на надзор, обврската за известување, санкции за прекршителите и постапката во случај на непостапување.

## 2. ЦЕЛ

Основна цел на оваа Упатство е информирање за активностите кои се преземаат од Управата за јавни приходи при неисполнување на паричните обврски помеѓу економските оператори од приватниот сектор согласно Законот за финансиска дисциплина.

## 3. ВРСКА СО ДРУГИ ДОКУМЕНТИ

Ова упатство е поврзано со сите други документи во Управата за јавни приходи, согласно системот за управување.

- Закон за финансиска дисциплина („Службен весник на РМ", бр.187/2013)
- Законот за даночна постапка („Службен весник на РМ", бр.13/06...187/13)
- Закон за општата управна постапка („Службен весник на РМ", бр.38/05...51/11)
- Закон за трговските друштва („Службен весник на РМ", бр.28/04...41/14)
- Известување за пречекорување на законски рокови за плаќање на обврски **УЈП-ДИ-З.2-03** (образец на УЈП објавен на веб страницата www.ujp.gov.mk)
- Известување за утврдени состојби од извршен надзор за финансиска дисциплина **УЈП-ДИ-З.2-04** (образец на УЈП)

## 4. ДЕФИНИЦИИ

Сите дефиниции се дадени во стандардот ИСО 9001:2008 и се усвоени во меѓународната размена.

- **Деловна трансакција** - трансакција меѓу економските оператори од приватниот сектор, односно меѓу субјектите од јавниот сектор и економските оператори од приватниот сектор, која се однесува на испорака на стоки, давање на услуги и вршење на работи за одреден паричен надоместок.
- **Деловна трансакција помеѓу економските оператори од приватниот сектор** - ќе се смета секоја поединечна испорака на договорена стока, услуга или работа.
  Со оглед на тоа што деловната трансакција се однесува на испорака на стоки, давање на услуги и вршење на работи за одреден паричен надоместок, тоа значи дека рокот за исполнување на паричните обврски ќе започне да тече поединечно за секоја испорака на стока, услуга или работа.
- **Субјекти од јавен сектор** - органи на државната управа и единици на локалната самоуправа; фондови, агенции, дирекции, бироа и јавни установи основани од Р. Македонија; јавни претпријатија и трговски друштва основани од Р. Македонија, општината, градот Скопје и општините во градот Скопје и друштва врз кои државата или органите на општината, градот Скопје и општините во градот Скопје имаат директно или индиректно влијание преку сопственоста над нив, односно поседуваат поголем дел од капиталот над друштвото, имаат мнозинство гласови на акционерите / содружниците и именуваат повеќе од половина од членовите на управниот или надзорниот одбор, односно органите на управување на друштвото; јавни установи основани од единиците на локалната самоуправа; и други институции основани со закон.

* *Овој документ е интелектуална сопственост на Управа за јавни приходи. Секое неовластено користење, копирање и дистрибуирање на документот без одобрение на раководството е забрането.*

- **Економски оператори од приватен сектор** - трговско друштво или трговец поединец основан согласно со Законот за трговските друштва; и физички и правни лица кои вршат профитна дејност и се регистрирани согласно со закон.

## 5. ОДГОВОРНОСТИ И ОВЛАСТУВАЊА

- **Економските оператори** имаат обврска Законот да го спроведуваат од 1 Мај 2014 година за деловните трансакции меѓу економските оператори од приватниот сектор, настанати од 1 Мај 2014 година, односно од денот на започнувањето на примената на овој Закон, а за деловните трансакции меѓу субјектите од јавниот сектор и економските оператори од приватниот сектор, одредбите од овој закон ќе се применуваат од 1 Јануари 2016 година.
- Надлежност за спроведување на надзор над спроведувањето на Законот за финансиска дисциплина имаат две институции, и тоа:
  - **Министерство за финансии** - преку финансиската инспекција во јавниот сектор, за деловните трансакции помеѓу субјектите од јавниот сектор и економските оператори од приватниот сектор, во случај кога субјектите од јавниот сектор се јавуваат како должници;
  - **Управата за јавни приходи** – преку инспекциски надзор во приватниот сектор почнувајќи од 1 Јануари 2015 година, за деловните трансакции помеѓу економските оператори од приватниот сектор.

## 6. РЕГУЛАТИВИ ЗА РЕШАВАЊЕ / НАМАЛУВАЊЕ НА НЕНАВРЕМЕНОТО ИСПОЛНУВАЊЕ НА ОБВРСКИТЕ

Врз база на следење на состојбите во бизнис заедница констатирана е појава на непочитување на роковите за намирување на обврските утврдени во договорите помеѓу економските субјекти. Економските оператори се соочуваат со проблеми во наплатата на меѓусебните побарувања што доведува до нарушување на нивната ликвидност и влошување на севкупната економска активност.

За подобро функционирање на економските текови, Р. Македонија презема мерки за уредување на навременото исполнување на парични обврски кои произлегуваат од реализација на деловни трансакции помеѓу економските оператори од приватниот сектор, односно помеѓу субјектите од јавниот сектор и економските оператори од приватниот сектор, а во согласност со Директивата 2011/7/ЕУ[1] за борба против задоцнетото плаќање во комерцијалните трансакции (combating late payment in commercial transactions) од 16 Февруари 2011 година.

Република Македонија во тој правец пропиша одредени законски решенија (во текот на 2012 и 2014 година) преку носењето на Закон за задолжница и Закон за финансиска дисциплина, а со цел подобрување на финансиската дисциплина на субјектите во деловните односи.
Целта на донесувањето на Законот за финансиска дисциплина е уредување на навременото исполнување на парични обврски кои произлегуваат од реализација на деловни договори помеѓу економските оператори од приватниот сектор, односно помеѓу субјектите од јавниот сектор и економските оператори од приватниот сектор, со цел спречување на неисполнувањето на паричните обврски во предвидените рокови.

[1] Целта на Directive 2011/7/EU for combating late payment in commercial transactions е воведување на регулатива за решавање или намалување на утврдените состојби во однос на ненавременото исполнување на обврските, која земјите членки на ЕУ имаат обврска да ја имплементираат во своите регулативи најдоцна до 16 март 2013 година.

* *Овој документ е интелектуална сопственост на Управа за јавни приходи. Секое неовластено користење, копирање и дистрибуирање на документот без одобрение на раководството е забрането.*

Со примена на Законот за финансиска дисциплина ќе се подобри функционирањето на пазарот, ликвидноста и оптималното работење на фирмите, што во крајна линија ќе ја зголеми и конкурентноста на македонските компании.

### 6.1. Опфат на Законот за финансиска дисциплина

- Законот за финансиска дисциплина се применува на деловните трансакции помеѓу економските оператори од приватниот сектор, односно помеѓу субјектите од јавниот сектор и економските оператори од приватниот сектор, во случај кога субјектите од јавниот сектор се јавуваат како должници.
  При деловните трансакции едната страна се обврзува да обезбеди стоки, услуги или вршење на работи, а другата страна се обврзува да ги исполни паричните обврски кои произлегуваат од трансакцијата.
- Законот за финансиска дисциплина нема да се применува на економските оператори од приватниот сектор над кои е отворена постапка за стечај, во согласност со закон со кој се уредува стечајната постапка и кога со посебен закон се утврдени рокови за исполнување на парични обврски на начин различен од утврдениот со овој Закон.
- За сите прашања кои не се уредени со овој Закон се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи. Исто така, се пропишува дека цесијата, асигнацијата, преземањето или пристапувањето кон долг, компензацијата и други слични облигациони договори не смеат да се користат на начин спротивен на утврдените рокови во овој Закон.
- УЈП нема ингеренции да врши наплата на неплатените обврски, ниту да присилува на исполнување на обврските на друг начин, освен со примена на одредбите на Законот за финансиска дисциплина. Законот предвидува констатирање на прекршок од УЈП и поднесување на барање за поведување на прекршочна постапка до надлежниот суд.

## 7. РОКОВИ ЗА ИСПОЛНУВАЊЕ НА ПАРИЧНИТЕ ОБВРСКИ ПОМЕЃУ ЕКОНОМСКИТЕ ОПЕРАТОРИ ОД ПРИВАТНИОТ СЕКТОР

- За фактурите во кој не е наведен рок за плаќање, како меродавен рок се применува законскиот минимален рок од 30 дена.
- За фактури во кој е наведен рок пократок од 30 дена, како меродавен рок се применува наведениот рок (на пример 11, 13...25 дена).
- За фактурите во кој е наведен рок од 30 до 60 дена, како меродавен рок се применува наведениот рок (во период до 60 дена, на пример 31, 32...60 дена).
- За фактурите во кој е наведен рок 60 до 120 дена, се применува договорениот рок (во период од 60 до 120 дена, на пример 90 дена), доколку за истото постои изрична писмена согласност* од двете страни.

***** Изрична писмена согласност нема посебно пропишана и определена форма. Искажување на подолг рок за исполнување на паричните обврски може да биде наведено и во самата фактура изготвена по претходно извршена нарачка или да биде посебен документ во кој двете страни искажале согласност за рокот за исполнување на паричните обврски.

### 7.1. Елементи на фактура

Изготвената фактура мора да ги содржи сите елементи за да биде веродостојна:

- да има точно означена валута на доспевање; и
- да биде поткрепена со договор кој ќе соодветствува на фактурата во смисла на исти наведени рокови за плаќање склучени меѓу договорените страни.

* *Овој документ е интелектуална сопственост на Управа за јавни приходи. Секое неовластено користење, копирање и дистрибуирање на документот без одобрение на раководството е забрането.*

**НАПОМЕНА:** Пропратната документација за прием и испорака на договорена стока, услуга или работа неопходно е да соодветствува со содржината и елементите на фактурата.

Економските оператори од приватниот сектор заради утврдување на моментот на прием на фактурата или потврдување на испораката на стоката, услугата или работата, потребно е фактурите да бидат придружени со испратници на кои ќе стои датум потпис / или печат од лицето кое примило.

### 7.2. Утврдување на ден за исполнување на паричните обврски помеѓу економските оператори од приватниот сектор

Во случај на непрецизирање на денот / датумот на прием на фактура или испорака на стока услуга или работа како битен елемент од кога започнува да тече рокот за исполнување на паричните обврски, односно прецизирање на "првиот нареден ден” од рокот од 30 / 60 / 120 дена како законски предвиден рок за исполнување на паричните обврски, Законот за финансиска дисциплина предвидува неколку можности, односно ситуации според кои почнува да тече рокот за исполнување на обврската, односно “првиот нареден ден од денот“, и тоа:

- кога должникот ја примил фактурата, односно друго барање за плаќање од доверителот кој ја исполнил својата договорна обврска;
- кога доверителот ја исполнил својата обврска, односно ја извршил испорака на добра и услуги, а притоа не може да се утврди денот на приемот на фактурата или друго соодветно барање за плаќање;
- кога доверителот ја исполнил својата обврска, односно ја извршил испорака на добра и услуги, а должникот ја примил фактурата или друго соодветно барање за плаќање пред доверителот да ја исполни својата договорна обврска; или
- на истекот на рокот за квантитативен и квалитативен прием на добрата и оверка на извршените услуги, а должникот ја прими фактурата или соодветното барање за исплата пред или на денот на потврдувањето на приемот, рокот за преглед и прием на добрата и услугите не може да биде подолг од 30 дена од денот на приемот на истите, доколку по исклучок кој произлегува од специфичностите добрата и услугите или од природата на договорот не е предвиден подолг рок.

За да се надминат евентуалните проблеми околу прецизирање на роковите од сите горенаведени точки, Управата за јавни приходи при постапувањето ќе се води пред се на обврската за водење на сметководствени евиденции и деловни книги регулирана во член 45, 46 и 47 од Законот за даночна постапка (обврската на економскиот оператор за водење на деловни книги и евиденции, општи начела за водење на сметководствени евиденции и книжења и други евидентирања), како и Законот за трговските друштва (обврската на економскиот оператор за редовно и уредно водење на сметководствени книги).

* *Овој документ е интелектуална сопственост на Управа за јавни приходи. Секое неовластено користење, копирање и дистрибуирање на документот без одобрение на раководството е забрането.*

## 8. ПОДНЕСУВАЊЕ НА ИЗВЕСТУВАЊЕ ДО УЈП ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА НАДЗОР

Управата за јавни приходи може да врши редовен или вонреден надзор и контрола за деловните трансакции помеѓу економските оператори од приватниот сектор по претходно пристигнато известување од суд, извршител или нотар или по сопствен избор[2].

Доколку должникот од приватен сектор нема да ја исполни паричната обврска во законските рокови предвидени со член 5, 6 и 7 од Законот, а доверителот поднесе:

- тужба до надлежен суд;
- предлог за извршување до извршител; или
- предлог за платен налог до нотар;

во вакви случаи судот, извршителот или нотарот се должни да достават Известување за пречекорување на законски рокови за плаќање на обврски **УЈП-ДИ-З.2-03** со соодветните прилози до Даночниот инспекторат на надлежната Регионална дирекција / Дирекција за големи даночни обврзници на УЈП (во дирекцијата на УЈП каде се води и администрира должникот од приватен сектор), со цел да утврди дали се прекршени одредбите на овој Закон од страна на економскиот оператор од приватниот сектор.

Известување за пречекорување на законски рокови за плаќање на обврски **УЈП-ДИ-З.2-03** е образец на УЈП и ќе може да се преземе од веб страницата на УЈП (види http://www.ujp.gov.mk/mk/obrasci/pregled).
**НАПОМЕНА:** Известувањето **УЈП-ДИ-З.2-03** треба да се доставува на контакт адресата на надлежната Регионална дирекција / Дирекција за големи даночни обврзници на УЈП (види http://www.ujp.gov.mk/mk/kontakt), **започнувајќи од 1 јануари 2015 година**.

### 8.1. Специфични случаи

#### *8.1.1. Една од договорните страни е странско правно лице*

Законот за финансиска дисциплина не прави разлика помеѓу домашни и странски правни лица.
Доколку странско правно лице во својство на доверител поднесе тужба до надлежен суд, предлог за извршување до извршител или предлог за платен налог до нотар, УЈП по приемот на Известувањето за пречекорување на законски рокови за плаќање на обврски **УЈП-ДИ-З.2-03** од надлежниот подносител, е должна да постапи согласно надлежностите утврдени со овој Закон.

#### *8.1.2. Оспорени побарување*

Доколку во текот на постапката која ја води УЈП по поднесено Известување за пречекорување на законски рокови за плаќање на обврски **УЈП-ДИ-З.2-03** од надлежен подносител, се утврди дека помеѓу договорните страни постои некаков спор или се води постапка пред друг орган или надлежен суд (на пример, околу признавање на долгот, нецелосно исполнување на обврските од договорот и сл.), УЈП во такви ситуации ја запира постапката за надзор согласно член 147 од Законот за општата управна постапка, се до правосилно завршување на спорот / постапката

[2] Управата за јавни приходи може да врши инспекциски надзор и по сопствен избор, односно редовни инспекциски контроли за спроведување на Законот за финансиска дисциплина.

* *Овој документ е интелектуална сопственост на Управа за јавни приходи. Секое неовластено користење, копирање и дистрибуирање на документот без одобрение на раководството е забрането.*

пред друг орган или надлежен суд, по чие решавање УЈП ќе ја продолжи постапката за надзор.
**НАПОМЕНА:** Должникот во текот на постапка на надзор од УЈП има обврска да ги извести овластените лица од УЈП и да приложи доказ за поведена постапка за оспорување на долг пред друг орган или надлежен суд.

8.1.3. *Ништовни одредби за рокот на плаќање на паричните обврски*
Кога во деловната трансакција помеѓу субјектите од приватен сектор не е утврден рокот за плаќање или кога договорите содржат ништовна одредба во однос на рокот за плаќање, должникот треба да ги исполни своите парични обврски во рок од 30 дена од денот кога должникот ја примил фактурата, односно друго барање за плаќање од доверителот, кога доверителот ја исполнил својата обврска испорака на договорената стока, услуга или работа, или на истекот на рокот за преглед и потврдување на стоките и услугите, односно прием на извршените работи.

Како ништовна договорна одредба ќе се смета одредбата која во однос на доверителот е значително неправедна и на нефер начин го одредува датумот или периодот за плаќање и ја ограничува примената на другите заштитни мерки кои ги пропишува Законот.

8.1.4. *Рокови за исполнување на паричните обврски во корелација со временско важење на законот (деловни трансакции пред и по примена на законот)*
Сите договори кои што се склучени пред стапувањето на сила на овој Закон, а во кои е децидно наведена количина, цена и рокови за плаќање, треба да важат условите одредени во договорот и по влегување во сила на овој Закон, односно роковите предвидени со член 5, 6 и 7 од Законот за финансиска дисциплина нема де се применуваат.

Доколку договорните страни склучат нов договор или анекс кон постоечкиот договор во период по стапување на Законот за финансиска дисциплина, во ваков случај рокот за плаќање на паричните обврски ќе биде утврден согласно член 5, 6 и 7 од Законот.

Во однос на договорите кои се склучени пред и по влегување на сила на Законот, а со истите воопшто не е утврден рок за плаќање или/и рокот е неодреден (на пример, плаќање по остварена реализација) ќе се применуваат роковите утврдени со Законот, од причина што согласно член 15 утврдено е следното:
„Одредбите од деловните трансакции за кои е склучен договор меѓу економските оператори од приватниот сектор, односно меѓу субјектите од јавниот сектор и економските оператори од приватниот сектор, кои не се во согласност со одредбите од овој закон, се сметаат за ништовни и немаат правно дејство".

* *Овој документ е интелектуална сопственост на Управа за јавни приходи. Секое неовластено користење, копирање и дистрибуирање на документот без одобрение на раководството е забрането.*

Кај договори со сукцесивна испорака на добра кои се склучени по стапување на сила на овој Закон, секоја испораката на стока или извршена услуга која произлегува од договорите ќе се смета за поединечна деловна трансакција. Во ваков случај секоја испорака на добра или услуги ќе се смета за засебна деловна трансакција со рокот за плаќање утврден во членот 5 и 6 (на пример, доколку е извршена испорака на добра или услуги во месец Март 2015 тоа значи дека за таа деловна трансакција рокот за плаќање ќе изнесува максимум 120 дена).

## 9. НАЧИН И РОКОВИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА НАДЗОР ОД УЈП

За вршење на надзорот и сите дејствија кои се потребни да се преземаат по вршењето на надзорот од УЈП, утврдени се прецизни рокови и предвидени се санкции за неспроведување на истите.

- Управата за јавни приходи е должна да изврши контрола на деловната трансакција во рок од 15 дена од приемот на Известувањето за пречекорување на законски рокови за плаќање на обврски **УЈП-ДИ-З.2-03** во УЈП.
- Во рок од 15 дена од денот на извршениот надзор, УЈП има обврска да поднесе Барање за поведување на прекршочна постапка **УЈП-ПР-З.1-02** до надлежниот суд, доколку со извршениот надзор се утврди дека должникот не ја намирил паричната обврска во роковите утврдени со овој Закон;
- Во рок од 18 дена од денот на извршениот надзор, УЈП има обврска да достави Известување за утврдени состојби од извршен надзор за финансиска дисциплина **УЈП-ДИ-З.2-04** до странката (доверителот) која ја поднела тужбата до судот, односно барањето за извршување до извршител, односно подносителот на барањето за платен налог до нотарот, доколку е констатирано дека нема повреди на одредбите од овој Закон.
  **НАПОМЕНА:** Освен да достави Известување **УЈП-ДИ-З.2-04** до странката, УЈП нема законска обврска да достави известување по констатираните наоди од надзорот до судот/ извршителот/ нотарот кои го доставиле Известувањето за пречекорување на законски рокови за плаќање на обврски **УЈП-ДИ-З.2-03**.

### 9.1. Постапка во случај на неспроведување на надзор и неизвестување на странката

Со Законот за финансиска дисциплина се утврдуваат рокови и начин за поднесување на барање од странката која не добила информација од инспекциските органи, до писарницата на Директорот на УЈП, за добивање на одговор, понатаму рок за известување за непостапување до Државниот управен инспекторат и рокови за постапување на инспекторатот и поднесување на пријава до надлежниот јавен обвинител и се одредуваат казни за непостапување на сите одговорни лица во ланецот на спроведување на законските одредби на законот.

## 10. КАЗНИ ЗА НЕПОЧИТУВАЊЕ НА РОКОВИТЕ ЗА ИСПОЛНУВАЊЕ НА ПАРИЧНИТЕ ОБВРСКИ ПОМЕЃУ ЕКОНОМСКИТЕ ОПЕРАТОРИ ОД ПРИВАТНИОТ СЕКТОР

- Глоба во износ од 5.000 до 10.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за сторен прекршок на правното лице доколку нема да ја намири паричната обврска во роковите утврдени со овој закон, а 750 до 1.500 евра на одговорното лице во правното лице економски оператор од приватниот сектор.
  Иста висина на глоба има и за сторен прекршок на правното лице економски оператор од приватниот сектор и за одговорното лице доколку облигационите договори цесијата, асигнацијата, преземањето или пристапувањето кон долг, компензацијата и други слични облигациони договори ги користи на начин што предизвикува одложување на исполнувањето на паричните обврски во роковите утврдени со овој Закон.

* *Овој документ е интелектуална сопственост на Управа за јавни приходи. Секое неовластено користење, копирање и дистрибуирање на документот без одобрение на раководството е забрането.*

- Глоба во износ од 1.500 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за сторен прекршок на трговецот поединец, доколку нема да ја намири паричната обврска во роковите утврдени со овој Закон.

## 11. ПРИЛОЗИ

/

## 12. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

- Овој документ е од информативен карактер и нема правна сила на толкување на закон и не може да претставува основа за негово користење или употреба како доказ пред суд или други органи и институции за остварување на одредени права.
- Надлежен орган за давање на овластено толкување на Закон е Собранието на Република Македонија согласно член 68 став 1 алинеја 2 од Уставот на Република Македонија.

### 12.1. Информирање

Објава: Веб страница на УЈП www.ujp.gov.mk
Карактер на документот: Јавен карактер
Целна група: Економски оператори од приватен сектор, Судови, Извршители и Нотари.

* *Овој документ е интелектуална сопственост на Управа за јавни приходи. Секое неовластено користење, копирање и дистрибуирање на документот без одобрение на раководството е забрането.*